Академија за Менаџери

Република Македонија
Министерство за образование и наука

Врз основа на Меморандумот за соработка склучен во Скопје на 1 март 2012 година од страна на Министерството за образование и наука на Република Македонија, Сојузот на стопански комори на Република Македонија и CITY Колеџ од Солун, Грција, Меѓународниот Факултет при Универзитетот Шефилд од Велика Британија, и врз основа на Договорот за заедничко регулирање на обврските кои произлегуваат од Меморандумот за соработка, помеѓу Министерството за образование и наука и Академијата за Менаџери, Академијата за Менаџери го распишува следниот:

**К О Н К У Р С**

**ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ СТИПЕНДИИ ЗА ОБУКА НА МЕНАЏЕРИ**

Конкурсот се распишува за следење на еден модул од програмата **Стратешки Менаџмент,** на тема**:** ***Претприемништво: успешно лансирање и менаџирање на нови бизниси.***

На овој Конкурс може да се пријават стручни лица од различни профили и менаџери вработени во компании од приватниот и јавниот сектор.

Еден модул вклучува 22 часа викенд предавање (петок, сабота, недела) и изнесува 500 евра.

Предавањето е предвидено да се реализира во текот на месец јануари 2013 година во Скопје. Избраните кандидати ќе бидат однапред известени за датумот за одржување на обуката.

Стипендиите предвидени од страна на Министерството за образование и наука ги покриваат само средствата за уписнина/ трошоците за предавањето. Останатите средства (патни трошоци, сместување) се на товар на кандидатот.

**УСЛОВИ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ:**

Кандидатите кои ќе конкурираат треба да ги исполнуваат следните услови:

- Диплома за завршено високо образование од акредитирана институција од било која дисциплина;
- Најмалку две години работно искуство;
- Познавање на англиски јазик.

Кандидатите кои немаат формални квалификации за познавање на англискиот јазик, но ги задоволуваат останатите услови за запишување и поседуваат акумулирано или неформално познавање на јазикот ќе бидат примени врз основа на нивните резултати при **тестирањето за англиски јазик** спроведено од страна на CITY Колеџ, Меѓународниот факултет на Шефилд Универзитетот. Успешните кандидати кои имаат доказ за познавање на англискиот јазик поткрепено од меѓународните сертификати **TOEFL** (писмено тестирање 575/ компјутерско тестирање 232/ интернет тестирање 89-90 бодови) или **IELTS**: 6, 5 бодови, ќе бидат ослободени од тестирање на англиски јазик.

**ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ:**

(1) Пријава (објавена на web страницата на Академијата за Менаџери: www.managersacademy.mk и Министерството за образование и наука: www.mon.gov.mk);
(2) Пополнет формулар за аплицирање (објавен на web страницата на Академијата за Менаџери: www.managersacademy.mk и Министерството за образование и наука: www.mon.gov.mk);
(3) Судски превод на англиски јазик од дипломата за завршено високо образование и од уверението за положени испити со оценки и просечен успех, заверени на нотар;
(4) Фотокопија од сертификатот за познавање на англиски јазик заверена на нотар;
(5) Една писмена препорака (во запечатен и потпишан плик на задната страна);
(6) Биографија на англиски јазик.

**ИЗБОР НА КАНДИДАТИТЕ:**

Изборот на кандидатите ќе се изврши од страна на Координативното тело составено од членови од Министерството за образование и наука на Република Македонија, Сојузот на стопански комори на Република Македонија, CITY Колеџ - Меѓународниот Факултет при Универзитетот Шефилд од Велика Британија и Академијата за Менаџери. Конечната ранг листа на избрани учесници на секој од модулите ќе биде објавена на веб страницата на Министерството за образование и наука и на Академијата за Менаџери.

**Сите документи се приложуваат во три (3) примероци (еден оригинал и две фотокопии).**
**Краен рок за пријавување: 25 декември 2012 година до 16 часот.**

Документите да се достават на адреса:

Академија за Менаџери, ул. Прашка бр.23, 1000 Скопје, Р. Македонија.

Апликационата форма, како и сите дополнителни информации може да се најдат на веб страницата на Министерството за образование и наука: www.mon.gov.mk (документи/конкурси) и на веб страницата на Академијата за Менаџери www.managersacademy.mk или на: 02 3064 533, office@managersacademy.mk.

Под академска надлежност на: The University Of Sheffield. | CITY College An International Faculty Of The University.

Во соработка со: СОЈУЗ НА СТОПАНСКИ КОМОРИ НА МАКЕДОНИЈА